| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Подготовка на животните за во зима |
| **Содржина на денот** | Прошетка во шумата |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор со децата зошто  надвор треба да се одржува физичко растојание со другарчињата, објаснување како се шират вирусите и бактериите и како да се заштитиме. |
| **Активност** | За подобра физичка кондиција направете неколку вежби за раздвижување и истите  ќе влијаат позитивно на нивното здравје (слика 1 и 2).<br>Од детето побарајте на Ваша покажана сликичка од животно тоа да го имитира нејзиното одење (слика 3). Потоа организирајте  ја играта „Весела верверичка” . На неколку места поставете ореви и детето треба со скокање да ги собере сите ореви во торбата што ја носи со себе и на крај да ги истури во кутијата. Играта може да продолжи и со трчање и собирање на оревите(слика 4,5 и 6). Доколу има дома и други членови од семејството организирајте натпревар „Кој повеќе ореви ќе собере“. Собраните ореви бројте ги со детето заедно и добијте победник.<br>Игра-„Пренеси го оревчето” - со помош на лажица пренесувајте оревче од едно до друго место и во оваа игра може да учествуваат повеќе членови(слика 7).<br>Од пластелин моделирајте ги шумските животни (слика 8). |